Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
Гоце Делчев
бр. 01-405/1
16. 09. 2025 год.
Демир Хисар

# ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар

# КОДЕКС
# ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

септември, 2025 година

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 9 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар донесе

**КОДЕКС**

**ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ**

Член 1

Овој Кодекс ги утврдува правилата и однесувањето на учениците за време на училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности.

Член 2

Учениците се должни да ги почитуваат следниве правила:

- задолжително почитување на законите на Република Северна Македонија;
- достојно претставување на своето училиште, градот;
- забрана за консумирање алкохол и други недозволени супстанции;
- забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета;
- забрана за оддалечување од групата.

Учениците се должни да ги почитуваат сите упатства и насоки дадени од страна на наставниците.

Член 3

На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излетот и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

Член 4

Врз основа на Кодексот, родителот/старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ученикот ќе ги почитува одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител/раководителот на паралелката најдоцна три дена пред изведувањето на активностите.

Директор

Валентина Димоска